РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

ул. Архимедова бр. 2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (0)2 322 66 55, факс: +389 (0)2 321 51 12, http://www.gazibaba.gov.mk opstina@gazibaba.gov.mk

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ И ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**
Одделение за урбанистичко планирање
**Бр. 28-3/954/1** од **18.03.2022** година
**С К О П Ј Е**

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11,123/12, 93/13, 183/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 42/16) **Градоначалникот на Општина Гази Баба**, на ден 18.03.2022 година, донесе

Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

**1.** За проектниот документ, **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на викенд куќи, на дел од КП 1146 КО Булачани, Општина Гази Баба, Скопје** , кој се носи согласно Законот за урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.
**2.** Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Гази Баба **www.gazibaba.gov.mk**
**3.** Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на проектниот документ **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на викенд куќи, на дел од КП 1146 КО Булачани, Општина Гази Баба, Скопје**, нема да има влијание врз животната средина од следните причини:
Предмет на овој **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на викенд куќи, на дел од КП 1146, КО Булачани, Општина Гази Баба** е формирање на градежни парцели со предвидена поединечна намена А4.3 – Викенд куќи, согласно стандардите и нормативите за урбанистичко планирање, одредување на катноста на градбата, површината за градба, компатибилните намени, приклучокот и сообраќајните пристапи. Вкупната површина на проектниот опфат изнесува 3420м2. Со овој УП се формираат седум градежни парцели, согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.М. бр. 32/20). Со донесувањето на Урбанистичкиот проект ќе се предизвикаат позитивни импулси и ефекти врз целокупното непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот.
**4**.Против оваа одлука може да се поднесе жалба до **Министерство за животна средина и просторно планирање** во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Изработил:
Валентина Танкоска диа

Контролирал:
Стојка Доликоска диа

Одобрил:
Благица Блажевска диа

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бобан Стефковски

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на викенд куќи, на дел од КП 1146 КО Булачани, Општина Гази Баба, Скопје |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Општина Гази Баба |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Иво Ѓорѓиев |
| Назив на работното место | Управител |
| Контакт податоци за лицето | " Козле" бр. 122 А Скопје |

| |
|---|
| **Основни податоци за планскиот документ** |
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** |
| Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за изградба на викенд куќи, на дел од КП 1146 КО Булачани, Општина Гази Баба, Скопје, претставува проектна документација која се изработува во согласност со Закон за урбанистичко планирање (Сл. весник бр.32/20) и Правилник за урбанистичко планирање (Сл. Весник 225/20 и 219/2021). |
| **Дали се донесува нов плански документ или се врши измени на постојниот** |
| ДА x<br>НЕ |
| **Даколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** |
| |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** |
| Да, просторно и урбанистичко планирање |
| **Дали планскиот документ е определен со Уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколу е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен (пр. член 3 точка 1 алинеја 5).** |
| Да, Член 3, точка 13, алинеја / |
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** |
| Не |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животната средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** |

| |
|---|
| не |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** |

Предмет на овој **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на викенд куќи, на дел од КП 1146, КО Булачани, Општина Гази Баба** е формирање на градежни парцели со предвидена поединечна **намена А4.3 – викенд куќи.**

Предметниот проектен опфат е опфатен во рамките на урбаниот опфат на Просторниот План на Република Македонија, според кој се изработени условите за планирање на просторот од страна на Агенцијата за планирање на просторот - Скопје, Република Македонија, со технички број Y08721 од Август 2021, за кои Услови е добиено Решение од Министерството за животна средина и просторно планирање со бр. УП 1-15 1183/2021 од 14.09.2021 година, како и со УПП со тех.бр. Y08519 од Октомври 2019 со добиено решение од МЖСПП со бр. УП 1-15 1498/2019 од 29.10.2019 година.

Вкупната површина на проектниот опфат изнесува 3420м2. Со овој УП се формираат седум градежни парцели, согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.М. бр. 32/20).

Поради овие причини предметниот **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на викенд куќи, на дел од КП 1146, КО Булачани, Општина Гази Баба**, **Скопје,** преставува проектен документ за кој не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина.

**Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)**

Просторно и урбанистичко планирање.

**Периодот за донесување на планскиот документ.**

пет години

**Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање на колку години?**

По истекот на пропишаниот плански период.

**Простор или област опфатени со планскиот документ (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)**

Предметниот проектен опфат за **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на викенд куќи, на дел од КП 1146, КО Булачани, Општина Гази Баба**, **Скопје,** опфаќа дел од КП 1146 КО Булачани, каде границата делумно се совпаѓа со границата на катастарската парцела, која припаѓа на територијата на Општина Гази Баба и зафаќа површина од 3420м2. Проектиот опфат е дефиниран со следните координати:

| N | X | Y | N | X | Y | N | X | Y |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 7541776.27 | 4658587.58 | 8 | 7541774.66 | 4658559.49 | 15 | 7541717.48 | 4658489.08 |
| 2 | 7541801.68 | 4658598.86 | 9 | 7541763.87 | 4658551.17 | 16 | 7541700.39 | 4658500.9 |
| 3 | 7541803.76 | 4658599.825 | 10 | 7541755.56 | 4658539.87 | 17 | 7541716.69 | 4658517.4 |
| 4 | 7541816.176 | 4658586.001 | 11 | 7541748.69 | 4658528.1 | 18 | 7541731.88 | 4658540.18 |
| 5 | 7541808.17 | 4658581.29 | 12 | 7541743.79 | 4658510.61 | 19 | 7541745.39 | 4658560.13 |
| 6 | 7541796.74 | 4658577.6 | 13 | 7541738.05 | 4658493.95 | 20 | 7541750.19 | 4658567.34 |
| 7 | 7541786.73 | 4658570.77 | 14 | 7541732.21 | 4658470.92 | 21 | 7541753.99 | 4658573.44 |

| |
|---|
| |
| **Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.** |
| ДА Х<br>НЕ |
| **Дали е приложена копија од целите?** |
| ДА Х<br>НЕ |

| |
|---|
| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето. |
| **Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.**<br>Со оглед на тоа што се работи за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на викенд куќи, на дел од КП 1146, КО Булачани, Општина Гази Баба, Скопје, не се очекува негативно влијание врз животната средина со донесувањето и реализирањето на проектниот опфат. |

| | |
|---|---|
| **Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата;** | Веројатноста е дека со усвојувањето на, Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на викенд куќи, на дел од КП 1146, КО Булачани, Општина Гази Баба, Скопје, нема да има негативни влијанија врз животната средина, како во фазата на градба, така и во фаза на експлоатација на планираните објекти.<br><br>Влијанијата што можеби ќе се јават во фаза на градба (емисија на штетни материи во воздухот, можни штетни влијанија врз почвата - директни и индиректни, емисии на бучава, отпад), ќе бидат локални и со ограничен временски рок.<br><br>Влијанијата кои ќе се јават во фаза на |

| | |
|---|---|
| | експлоатација на објектите се проценуваат како незначајни. |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето;** | Од проектот не се очекуваат значајни влијанија врз животот и здравјето на луѓето, затоа што видот и природата на планираните содржини не спаѓаат во групата на големи и директни загадувачи на животната средина и животот и здравјето на луѓето. |
| **Прекугранична природа на влијанијата;** | Од овој проект не се очекуваат прекугранични влијанија. |
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи);** | При изградба и експлоатација на предвидените содржини во рамките на планскиот опфат, не постои ризик по здравјето на луѓето и животната средина и за истите се предвидуваат мерки за заштита. |
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната).** | Проектниот опфат се наоѓа на територијата на Општина Гази Баба, надвор од донесена планска документација, на територија на КО Булачани, на дел од КП 1146.<br>Површината на планскиот опфат е 3420 м2 (0,342 ха). |

| |
|---|
| **Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предзвивикал планскиот документ како што се:** |
| Со одобрувањето на предметниот Урбанистички проект ќе се предизвикаат позитивни импулси и ефекти врз целокупното непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот. |
| **Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:** |
| Со донесување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на викенд куќи, на дел од КП 1146, КО Булачани, Општина Гази Баба, |

| | |
|---|---|
| Скопје и со негова реализација, ќе се зголеми степенот на искористеност на земјиштето. | |
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство;** | На предметниот локалитет не е евидентирано културно наследство. |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или гранични вредности;** | Не се очекува надминување на стандардите за квалитет на животната средина. |
| **Интензивна употреба на земјиштето;** | Земјиштето на кое ќе се градат објектите е надвор од плански опфат на донесена планска документација, но поради тоа се донесува оваа урбанистичко проектна документација. |
| **Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | Нема |
| **Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**<br>Планскиот документ кој ќе се спроведува има законска рамка и со него се планираат условите за градба на објектите. | |

| |
|---|
| **Објаснете ја околината во близината на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резеденцијални проекти):**<br>Донесувањето на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на викенд куќи, на дел од КП 1146, КО Булачани, Општина Гази Баба, Скопје, ќе нема негативно влијание врз животната средина. |

| |
|---|
| **Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој: (Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина, отколку некој образовен план на наставните планови).**<br>Со донесувањето и реализацијата на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на викенд куќи, на дел од КП 1146, КО** |

Булачани, Општина Гази Баба, Скопје, не се очекува негативно влијание врз животната средина.

**Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Објаснете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност. (Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои можат да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали).**

Од еколошки аспект не се очекуваат еколошки проблеми.

**Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерхијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот планскио документ и другите планските документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**

Предметниот Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на викенд куќи, на дел од КП 1146, КО Булачани, Општина Гази Баба, Скопје, е изработен согласно Закон за урбанистичко планирање (Сл. весник бр.32/20) и Правилник за урбанистичко планирање (Сл. Весник 225/20 и 219/2021).
Исто така изработката на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на викенд куќи, на дел од КП 1146, КО Булачани, Општина Гази Баба, Скопје, има допирни точки со :

- Демографски и економски- социјален профил на Општина Гази Баба 2009 година
- Стратегија за ЛЕР на Општина Гази Баба 2013-2016 година,
- Локален акционен план за животна средина (ЛЕАП) на Општина Гази Баба 2014-2019 година,
- Стратегија за управување со води на РМ 2008-2020,
- Национална стратегија за економски развој на РМ 1998,
- Национална стратегија за одржлив развој,
- Втор национален еколошки акционен план на РМ,
- Стратегија за демографски развој на РМ,
- Стратегија за подигање на јавната свест во животната средина,
  Стратегија за мониторинг на животната средина.

**Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**

Потенцијалните влијанија од предметниот проектен документ не биле предмет на оцена во поранешната фаза на донесување на други плански документи.

**Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изградба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**

Не се спроведува стратегиска оценка на планскиот документ, **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на викенд куќи, на дел од КП 1146, КО Булачани, Општина Гази Баба**, Скопје, се предвидува намената:

-А 4.3– викенд куќи за времен престој

и не се очекува негативно влијание врз животната средина.

| | |
|---|---|
| **ИЗЈАВА** | **Потврдуваме дека информациите дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.** |
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот** | Градоначалник<br>Бобан Стефковски |

Бр. 28-3/954/2 од 18.03.2022 година

м.п

Место: Скопје

# ПРОЕКТНА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА ВИКЕНД КУЌИ, НА ДЕЛ ОД КП 1146, КО БУЛАЧАНИ, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА




ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ 0.34ха

Легенда

- Бетонска бандера
- Телефонски столб
- Снимени детални точки со висини
- Состојба од терен
- Канализациона Шахта

| | | |
|---|---|---|
| ЗУМ ПРОЕКТ СКОПЈЕ e-mail: zumproekt@zumproekt.mk | ПРОЕКТНА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА ВИКЕНД КУЌИ, НА ДЕЛ ОД КП 1146, КО БУЛАЧАНИ, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА | |
| УПРАВИТЕЛ: Иво Ѓорѓиев, дип. инж. арх. | донесувач на планот: ОПШТИНА ГАЗИ БАБА | У |
| ПЛАНЕР: | нарачател: Елена Тодоровска, Даниел Младеновски и Томе Тодоровски | |
| Иво Ѓорѓиев, дипл.инж.арх. овластување 0101 | прилог: АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА | |
| СОРАБОТНИК: | РАЗМЕР / ТЕХ.БР.: 35/21-У | ЛИСТ |
| Нина Сирацј, дипл.инж.арх. овластување 0.0310 | М=1:1000 / ДАТА: Октомври 2021 | БР: 02 |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED Q-017/2017
ул. Архимедова бр. 2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (0)2 322 66 55, факс: +389 (0)2 321 51 12, http://www.gazibaba.gov.mk opstina@gazibaba.gov.mk

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ И ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**
**Одделение за урбанистичко планирање**
**Бр.28-3/954/3 од 18.03.2022 година**
**СКОПЈЕ**

**До**
**Министерство за животна средина и просторно планирање**
**Сектор за оддржлив развој**
**Одделение за оддржлив развој**
**Скопје**

**Предмет:** Доставување на Одлука за неспроведување на Стратегиска оцена на животната средина за Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за изградба на викенд куќи, на дел од КП 1146 КО Булачани, Општина Гази Баба, Скопје.

Почитувани,

Во согласност со член 65 ,точка 12 од Закониот за животна средина (Сл.Весник на РМ бр. 65/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 183/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 42/16), Ви ја доставуваме Одлуката за неспроведување постапка за Стратегиска оцена на животната средина за Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за изградба на викенд куќи, на дел од КП 1146 КО Булачани, Општина Гази Баба, Скопје и пропратната документација за проценка на потребата од спроведување СОЖС, врз основа на која е донесена горе спомената Одлука.
Со почит,

Прилог:

1. Одлука,
2. Формулари за потреба од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена на животната средина,
3. Цели на Општината

Раководител на одделение

Стојка Долиќоска, диа

Раководител на сектор

Благица Блажевска, диа